УДК 378.4(497.711):027.54(497.711)]:004.6/.7
УДК 021.4:027.54(497.711)]:378.4(497.711)

**Горан Ивковиќ**

# АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ

Прилогот се однесува на активностите на Одделението за библиотечно работење при Стручната и административна служба, што произлегуваат од дејноста на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје во периодот октомври–ноември 2023 г.

## Соработка со Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје и Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје на 28.9.2023 г. потпишаа Меморандум за соработка за развивање на читателската култура кај студентите, размена на искуства, знаење, едукација и усовршување на кадри, учество и реализација на заеднички проекти и други активности од заеднички интерес.

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје на својата прва редовна седница, одржана на 18.10.2023 г., донесе Одлука за внесување на библиотечниот фонд на Факултетот на платформата COBISS (Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси) на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Целта на вклучувањето на библиотечниот фонд на Факултетот во националниот интегриран библиотечно-информациски систем преку платформата COBISS е унапредување на работењето на библиотеките и создавање услови за унапредување на наставната и на научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Согласно со начинот и формите за остварување на соработката од Меморандумот, НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје во Центарот за обука (нов објект) организираше курсеви за библиотечно работење за вработените од Одделението за библиотечно работење на Факултетот.

Првиот основен курс за библиотечно работење, „Техничка обработка на библиотечен материјал“, се одржа од 16 до 17 октомври 2023 г. Курсот го реализира предавачите м-р Зорица Јаковлеска-Спироска и м-р Владимир Илиевски. Програмата на првиот дел од курсот ја опфати следната проблематика: библиотечни фондови; техничка обработка на библиотечен материјал; сигнирање, инвентарирање и редење монографски публикации; информативни инструменти (каталози) во библиотеките; сместување, чување и заштита на библиотечен материјал; библиотечна опрема; ревизија на библиотечни фондови и вежби. Вториот дел од курсот ја опфати проблематика за сериски публикации: поими и норми; набавка и комплетирање; акцесорна обработка (евидентирање, сигнирање и инвентарирање); видови каталози и вежби. Курсот го следеа дел од вработените од Одделението, односно, Горан Ивковиќ (раководител) и библиотекарите Андреа Делипапаз (Катедра за македонски јазик), Маида Рахте (Катедра за турски јазик и книжевност), Ана Димевска (Катедра за романски јазици и книжевности), Зоран Симоски (Катедра за германски јазик и книжевност), Дарко Митевски (Катедра за општа и компаративна книжевност) и Филип Набаков (Катедра за преведување и толкување).

Вториот основен курс за библиотечно работење, „Каталогизација на монографски публикации“, се одржа од 30 октомври до 3 ноември 2023 г. Курсот го реализираше предавачката Јелисавета Костадинова. Програмата на курсот ја опфати следната проблематика: каталогизација на библиотечен материјал; ISBD стандарди; рамковна шема на ISBD(M); шема на каталожни картончиња; интерпункција; извори на податоци; определница, авторска (индивидуална/корпоративна), стварна и формална определница; составни елементи на одделите; шема на каталожни картончиња и на споредни каталожни картончиња; формална обработка на прилози, додатоци, повеќетомни дела, некнижна граѓа и вежби. Курсот го следеа дел од вработените од Одделението, односно, Горан Ивковиќ, Андреа Делипапаз, Маида Рахте, Ана Димевска, Зоран Симоски, Дарко Митевски и Филип Набаков.

Третиот курс, „Користење на програмската поддршка COBISS3/Преземање записи и фонд“, се одржа од 15 до 17 ноември 2023 г. Курсот го реализира предавачките м-р Жаклина Ѓалевска и Јелисавета Костадинова. Програмата на курсот ја опфати следната проблематика: основи на систе-

мот и сервисите COBISS и основи на програмската поддршка COBISS3; кориснички интерфејс (прелистувач, пребарувач, уредувач, прикажувач); основни постапки (ажурирање објекти, пребарување, преглед на карактеристиките на објектите...); COBISS3/Управување со апликациите (домашна библиотека, партнери...); основи на форматот COMARC/B, форматот COMARC/H, COBISS3/Фонд; пребарување и преземање записи од заемната во локалната база на податоци; дополнување на локалните библиографски податоци и на локалните шифрарници; дефинирање на внесот на податоци за состојбата на фондот (ПСФ); иницијализациска датотека, поставувања и користење бројачи, испис на налепници од редица за испис, копирање на податоци, инвентарирање, пренос на податоци за фондот и други постапки; презентации на исписите во сегментот COBISS3/Исписи и практична работа. Курсот го следеа вработените од Одделението, односно, Горан Ивковиќ, Андреа Делипапаз, Блерант Мехмети (Катедра за албански јазик и книжевност), Маида Рахте, Ана Димевска, Климент Ристески (Катедра за славистика), Зоран Симоски, Марија Цветковска (Катедра за англиски јазик и книжевност), Дарко Митевски, Ванкица Кочоска (Катедра за италијански јазик и книжевност) и Филип Набаков.

### Членство во Библиотекарското здружение на Македонија

На 49-то годишно собрание на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ), што се одржа на 7 ноември 2023 г. во НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје, по претходно доставената институционална пристапница на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје до БЗМ, донесена е позитивна одлука, со која Факултетот е член на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ). Веб-сајтот на БЗМ е bzm.mk

### Пријава за проект на Годишниот конкурс на Министерството за култура

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје поднесе Пријава за проект на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на библиотечната дејност за 2024 година на Министерството за култура, под наслов „Унапредување на библиотечната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје“. Проектот опфаќа обука на библиотекарите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, која во соработка со НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје би се реализирала преку четири курса:

1. Каталогизација на сериски публикации;
2. Библиографска обработка на библиотечен материјал што вклучува и обработка на статии;
3. Каталогизација во COBISS и
4. Систематизација и предметизација на библиотечен материјал.

Целта на Проектот е унапредување на библиотечното работење на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје преку вклучување на фондот на библиотеките на катедрите во системот COBISS.

Очекувани резултати од Проектот се: едукација и усовршување на библиотекарите; евидентирање на библиотечниот фонд во системот COIBISS; обезбедување достапност на фондот за пошироката читателска и стручна публика и унапредување на научно-истражувачките капацитети на пошироката академска средина.

**Клучни зборови**: библиотечен фонд, COBISS, курс за библиотечно работење, членство во БЗМ